Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22, став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден __.05.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.27, ГП 1.28, ГП 1.29 и ГП 1.30 во рамките на Измена и дополна на ДУП МЗ Алексо Демниевски – Велес, дел од локалитет Керамидна, Општина Велес**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.27, ГП 1.28, ГП 1.29 и ГП 1.30 во рамките на Измена и дополна на ДУП МЗ Алексо Демниевски – Велес, дел од локалитет Керамидна, Општина Велес, согласно Законот за урбанистичко планирање, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), со вкупна површина од 2715.83 м².

**Член 2**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.27, ГП 1.28, ГП 1.29 и ГП 1.30 во рамките на Измена и дополна на ДУП МЗ Алексо Демниевски – Велес, дел од локалитет Керамидна, Општина Велес“ изработен од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, со тех бр 0202-01/23 од Септември 2024 година, ревидиран од „НИМАЕР“ ДООЕЛ Скопје, со тех.бр. 03-335/24 од Јануари 2025 година.

**Член 3**

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.27, ГП 1.28, ГП 1.29 и ГП 1.30 во рамките на Измена и дополна на ДУП МЗ Алексо Демниевски – Велес, дел од локалитет Керамидна, Општина Велес.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Примарна цел на овој урбанистичкиот проект со план за парцелација е диспозицијата на површините за градење, односно површината за градба на две соседни градежни парцели да се доближат една до друга, истото се повторува и кај останатите две градежни парцели, да се предвиди спојување на површината за градба и усогласување на границита на градежните парцели. Потоа решавање на внатрешниот сообраќај и инфраструктурите во проектниот опфат, без притоа да се менуваат збирните параметри за површините за градење, намената на земјиштето и објектите, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност, како и другите плански одредби уредени со урбанистичкиот план, како и понатамошна разработка на градежните парцели. Сите парцели се во приватна сопственост. Опфатот е со површина од 2715,81 м2.
Со Урбанистички проект со план за парцелација и промена, односно дислокација на површините за градење како и утанчување на граници на ГП 1.27, ГП 1.28, ГП 1.29 и ГП 1.30, од „Измена и дополна на ДУП МЗ Алексо Демниевски – Велес, дел од локалитет Керамидна“, Општина Велес. (Одлука на Совет бр 0701- 1850/6 од 30.04.2007 година), КО Велес, Општина Велес се прави утврдување на нова парцелација и со истата се дефинираат површините и сите останати урбанистички параметри за градежните парцели кои треба да се усогласени со претходно одобрената документација.

| СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Согласно ДУП** | **ГП 1.27** | **ГП 1.28** | **ГП 1.29** | **ГП 1.30** | **вкупно** |
| Површина на градежна парцела | 585 м2 | 656 м22 | 667 | 812 | 2720,00 |
| Површина за градење | 200 м2 | 200 м2 | 200 м2 | 200 м2 | 800,00 |
| Бруто развиена површина | 600 м2 | 600 м2 | 600 м2 | 600 м2 | 2400 |
| Процент на изграденост | 34% | 30% | 30% | 25% | 29% |
| Коефициент на искористеност | 1,03 | 0,91 | 0,90 | 0,74 | 0.88 |
| Максимална висина | 10,20 | 10,20 | 10,20 | 10,20 | 10,20 |
| Намена | СК | СК | СК | СК | |
| Број на паркинг места | 6 | 6 | 6 | 6 | 24 |

| **Согласно УП** | **ГП 1.27** | **ГП 1.28** | **ГП 1.29** | **ГП 1.30** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Површина на градежни парцели | 585,50 м2 | 656 м22 | 666,33 | 808 | 2715,83 |
| Површина за градење | 200 м2 | 200 м2 | 200 м2 | 200 м2 | 800,00 |
| Бруто развиена површина | 600 м2 | 600 м2 | 600 м2 | 600 м2 | 2400 |
| Процент на изграденост | 34% | 30% | 30% | 25% | 29% |
| Коефициент на искористеност | 1,03 | 0,91 | 0,90 | 0,74 | 0,88 |
| Максимална висина | 10,20 | 10,20 | 10,20 | 10,20 | 10,20 |
| Намена | А1.2 | А1.2 | А1.2 | А1.2 | |
| Број на паркинг места | 6 | 6 | 6 | 6 | 24 |



17604/3
пумпа
17604/1
17611/5
18369/1
A1
H=10.20m
П+2
ГЛ дадена со ДУП
I=1.46%
L=103.00m
ulica BLAGOJ OREV
бетонско плато
подземна градежна линија
капија
плинара
I=8%
L=13.00m
I=10%
L=25.00m
I=4%
L=28.60m
I=2%
L=21.00m
I=4%
L=24.00m
17611/1
17611/9
17611/2
17611/10
17611/6
19.0
14
2.5
7563500